# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| | |
|---|---|
| Број 20 | 12.08.2022 година |


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 4 |
| Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година | 4 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година | 5 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година | 5 |
| Решение за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“За јакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Никола и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди” | 7 |
| Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “За јакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Никола и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди” | 7 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште" | 8 |
| Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот"Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште" | 9 |
| Решение за објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци | 10 |
| Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци | 11 |
| Решение за објавување на Одлука за урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.185 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет Парк 2001-2006, Општина Кавадарци | 13 |
| Одлука за урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.185 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет Парк 2001-2006, Општина Кавадарци | 13 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | 16 |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | 16 |
| Решение за објавување на Одлука за за доделуван еднократна парична помош на семејствата со запиша прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето Општина Кавадарци | 18 |
| Одлука за доделување еднократна парична помош семејствата со запишано прваче во учебната 2022/20 година на подрачјето на Општина Кавадарци | 18 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 19 |

| | |
|---|---|
| Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 20 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инженеринг “ГЕОДАТА Инженеринг” ДООЕЛ Кавадарци | 21 |
| Одлука за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инженеринг “ГЕОДАТА Инженеринг” ДООЕЛ Кавадарци | 21 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност склучување на судска спогодба за регулирање меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.23/20 поведен пред Основен суд Кавадарци | 22 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.23/2022 поведен пред Основен суд Кавадарци | 23 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година | 24 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година | 25 |
| Решение за објавување на Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства | 26 |
| Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства | 26 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 27 |
| Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 27 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/1** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05/21...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година со намена – Учество во Проект за Набавка на високо професионални и специјализирани возила за Противпожарна заштита.

Од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година – се планира распределба на трошоци за:

- Програма Г1 – Поддршка на локален економски развој, Конто 464990 – Други Трансфери во износ од 1.000.000 денари.

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 4946/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 5070/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-тата седница, одржана на ден 15.08.2022 година, донесе,

# П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2022 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.05/2021, 06/22, 09/22, 10/22), се врши следната измена и дополнување:

**Член 1**

I. Во Глава 1 Локален развој/ Регионален развој

После под-глава 2, се ДОДАВА нова под-глава 3 која гласи:

**“Изградба на водоводна линија,фекална и атмосферска канализација на ул.Лазо Асијата”**.

За реализација на проектот„ Изградба на водоводна линија,фекална и атмосферска канализација на ул. Лазо Асијата„ се обезбедени финансиски средствата во висина од 3.754.944 денари од страна на Министерството за транспорт и врски за 2022 година. Останатите средства во висина од 9 654 080 денари, ќе се обезбедат од буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

II. Во глава 7 Извори на финансирање на програмата

После алинеа 2, се ДОДАВА нова алинеа 3 која гласи:

**“Изградба на водоводна линија,фекална и атмосферска канализација на ул.Лазо Асијата”**. Во буџетот за 2023 година да се предвидат финансиски средства во висина од 9.654.080 денари.

III. Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во„Службен гласник на Општина Кавадарци.”

**Бр.08-4946/2**<br>**12.08.2022 година**<br>К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ<br>**Претседател,**<br>**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот**
**“За јакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Никола и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди”**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“За јакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Никола и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди”, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 5070/3**
**12.08.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15 – та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**За сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот**
**“За јакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Никола и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди”**

**Член 1**

Општина Кавадарци-Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот“Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Никола и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила согласно европските стандарди.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 24 600 000 денари со вклучен ДДВ, средства кои што Центарот за развој на Вардарски плански регион ги има обезбедено, додека сопственото учество на општина Кавадарци во проектот е во износ од 2 000 000 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината Кавадарци од член 2 во висина од 1 000 000 денари се обезбедени во Буџетот за 2022 година, а финансиските средства во висина од 1 000 000 денари ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 4**

Проектотопфаќа набавка на високо професионални возила за ТППЕ за општините Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци“.

**Бр.08-4946/3**
**12.08.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот**
**“Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште”**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот "Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15 – та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот "Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште"**

**Член 1**

Општина Кавадарци-Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација напроектот "Изграба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште" преку Центарот за меѓународна соработка и развој од Словенија.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 44.413.186 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 22.206.593 денари, остатокот 22.206.593 денари е учество на Центарот за меѓународна соработка и развој од Словенија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-4946/4** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.08.2022 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци,плански период 2019-2024, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр. 09-5070/5** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.08.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), а во врска со член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18) и член 20 став 3 точка 2 од Законот за урбанистичко планирање (”Сл.весник на РСМ” бр.32/20), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024.

Документацијата за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14....168/18 и ”Службен весник на РСМ” бр.32/20), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15...86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ” бр.142/15.).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, е со вкупна површина од 2,8 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.21-19/4 од 21.07.2022 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 17376 .

**Член 6**

Општина Кавадарци - Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ „ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4946/5**
**12.08.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за донесување на**
**Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/6**
**12.08.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 63 од Законот за урбанистичко планирање (”Сл.весник на РСМ” бр.32/20), член 132 став 1, од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за донесување на**
**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП**

**6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци.**

Се донесува **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци**, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука, (во натамошниот текст: урбанистички проект).

Планскиот опфат е дефиниран со следната граница:

Во границите на проектниот опфат се наоѓаат катастарските парцели бр. КП 6613/4, КП 6613/5, КП 6613/6 и 6613/7 КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци. Проектниот опфат на северната страна се граничи со КП 6613/2, од источната со КП бр. 6613/1, од јужната со КП бр. 6613/1, а од западната со КП 6613/3 КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци. Вака дефинираниот проектен опфат изнесува 1804,54 м2.

**Член 2**

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

1. **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци** – тех.број 047-2109/2020 од Март 2022 - изработена од Друштво за проектирање, трагежништво, инженеринг и други активности „ВЕКТОР 90“ Томе ДООЕЛ Струмица.
2. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци** – потпишана од инвеститорот.
3. Извештај од извршена стручна ревизија на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци,** со тех.број 03-20/2021 од Март 2022 година изработена од Друштво за производство, трговија, услуги и инженеринг „ИДЕА - КОНСАЛТИНГ“ ДООЕЛ – Струмица.
4. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ – АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА, КО Кавадарци

вон град – со дел.број 0803-84 од 16.09.2020 год. изработена од „КА-4“ ДООЕЛ Неготино

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските и проектните решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци**.

**Член 4**

Одлуката за донесување на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци** тех.број 047-2109/2020 од Март 2022 - изработена од Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други активности „ВЕКТОР 90“ Томе ДООЕЛ Струмица, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука е Графички прилог бр.6 и 7 од урбанистичкиот проект - План за парцелација М=1:1000.

**Член 6**

Со прикачување во електронска форма на **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци**, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 32325.

**Член 7**

Општина Кавадарци - **Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.18 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет „Парк“, 2001-2006 Општина Кавадарци**, ќе го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 8**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4946/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“бр.23/11, ........ бр.190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/2021) член 132 став 1 од Статутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница одржана на ден 12.08.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат,со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања

1. Барање бр.15-165 од 29.12.2015 год. на барателот Ташо Тодоров од Кавадарци со стан на ул„бул Македонија„ бр.36/3-8, за утврдување на правен статус на бесправен објект,

   - Викенд куќа и помошен простор, зграда бр.1 и зграда 2 изграден во мв„Арловац„ на КП бр.3244 КО Ваташа.

2. Барање бр.15-774 од 28.12.2018год. на барателот ДПТУ Темов - Фруит од Кавадарци со седиште на ул„Мито Хаџи Василев „бр.70 за утврдување на правен статус на бесправен објект,

   - Помошен простор , зграда бр.1 и зграда 2 изграден во мв„Дуќена„ на КП бр.2461/1 и КПбр.2468 КО Сопот.

3. Барање бр.15-330 од 20.01.2016год. на барателот Ристе Митрев од Кавадарци, за утврдување на правен статус на бесправен објект,

   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Краишта „ и мв„Смоквинката„на КП бр.509 и КП бр.1404 КО Глишиќ.

4. Барање бр.15-876 од 31.12.2018 год. на барателот Игор Николов од Кавадарци со стан на ул„Браќа Доседи „ бр.21, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Помошен објект, зграда бр.1изграден во мв„Брескот„ на КП бр.38 КО Горниково.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”

**Бр.08-4946/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070 /8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19 и 64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци.

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 2**

На секое семејство кое го запишало своето дете –првачe во основно училиште на територијата на Општина Кавадарци во учебната 2022/2023 година на кое еден од родителите е жител на Општина Кавадарци, ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 2 000,00 денари.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање од страна на семејството на првачето до архивата на Општина Кавадарци, со прилог кон барањето:

-потврда за запишувањето на првачето во основното училиште на територијата на Општина Кавадарци;

- фотокопија од извод од матична книга на родените за првачето ;

- фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на еден од родителите на првачето;

-фотокопија од активна трансакциона сметка на родителот – подносител на барањето.

**Член 4**

Крајниот рок за поднесување на барањето со прилог документи, до архива на Општина Кавадарци е 30.09.2022 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 4946/8**
**12.08.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр. 09-5070/9** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.08.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-4674/2 од 22.07.2022 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 48.000,00 денари на Ристе Стамаџиев ул.„27-ми Март„ бр.48 од нас.Глишиќ Кавадарци, за изложба на автентични фотографии од Кавадарци.

**Член 2**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на Ристе Стамаџиев на следната трансакциона сметка:

-200003264336336 депонент Стопанска Банка;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 4946/9** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **12.08.2022 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инженеринг “ГЕОДАТА Инженеринг” ДООЕЛ Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инженеринг “ГЕОДАТА Инженеринг” ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инженеринг “ГЕОДАТА Инженеринг” ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација Геодетски елаборат бр.0801/138 од 27.07.2022 година од Друштво за геодетски работи и инженеринг “ГЕОДАТА Инженеринг” ДООЕЛ Кавадарци за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес – урбанистичко (урбано и рурално) планирање, согласно член 22 ст.1 ал. 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 2.500,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи договор за донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4946/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.23/2022 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.23/2022 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци“ бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19и 64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.23/2022 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.23/2022 поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.23/2022 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште кп.бр.12138/5 м.в.„Владимир Назор“култура гнз во површина од 243м2, дел од кп.бр.12138/2 м.в.„Владимир Назор“, култура гнз, со новоформираната кп.бр.12138/6 во површина од 15м2, дел од кп.бр.12138/1 м.в. „Владимир Н азор“, култура гнз, со новоформираната кп бр.12138/7 во површина од 32м2 по Имотен лист бр.8002 со право на сопственост на Трајче Леов од Кавадарци со стан на ул.„Димката Ангелов Габерот“бр.26, заради градење на дел од улица „Домовица“ предвидена по ДУП за УЕ „Рајко Жинзифов“2001-2006 Кавадарци, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-238 од 27.12.2021 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, по претходно изготвен Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за реализација на урбанистички нумерички податоци КО Кавадарци град и КО Кавадарци вон град со деловоден бр.0801-198/2020 од 24.11.2020 година изработен од ДГРИ „ГЕОДАТА ИНЖИНЕРИНГ” ДООЕЛ Кавадарци,чиј инвеститор е Општина Кавадарци.

2.Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Трајче Леов од Кавадарци со стан на ул.„Димката Ангелов Габерот“бр.26, износ од 1.230,00 ден./м2 односно за површинаа од 290 м2 надоместок во вкупен износ од 356.700,00 денари.

3. Противникот е согласен надоместокот за експроприраното земјиште во вкупен износ од 356.700,00 денари предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциската сметка на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.23/22.

5.Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 4946/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програмата за изменување и дополнување на**
**Програмата за комунални дејности на просторот на**
Општина Кавадарци за 2022 година

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) член 5 и член 7 од Законот за комунални дејности од („Сл.весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020), а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци бр. 08-4875/22 од 20.12.2017 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.4/2017, 65/2020, 13/2022, 15/2022), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(„Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15-та седница, одржана на ден 15.08.2022 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година, („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.5/21 и бр.17/22) се врши следното изменување и дополнување:

**Во глава - В. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
-**После точка 4** -се додава нова точка 5 која гласи:
„Поставување на фотонапонски модули на кровна површина на објекти кои се сопственост на Општина Кавадарци со износ од 7. 000.000 ден"

Во ВКУПНО поз.В износот од 36.500.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 43.500.000 денари.

Во Вкупниот РЕКАПИТУЛАР износот од 98.300.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 105.300.000 денари.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во„Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-4946/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09-5070/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 124 од Законот за општа оправна постапка ("Сл.весник на РМ бр.124/15 и 65/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15 – та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ПОНИШТУВА Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.10/22).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци

**Бр.08-4946/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 12.08.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 5070/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**12.08.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 15 – та седница, одржана на ден 12.08.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финасиски средства во вкупен износ од 200.000,00 денари на Здружение на лица со телесен инвалидитет на Кавадарци – Мобилност, за потребите на членовите на здружението ( набавка на инвалидски колички и опрема).

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на Здружение на лица со телесен инвалидитет на Кавадарци –Мобилност.

**Член 3**

Општина Кавадарци ке склучи Договор со Здружение на лица со телесен инвалидитет на Кавадарци –Мобилност за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со финансиските средства од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4946/14**
**12.08.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**